# МИЈАКОСКИ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - КУМАНОВО

3 — 20.7.1972

*РИСТО МИЈАКОСКИ*

*Роден 1948 во Прилеп.*

*Завршил Училиште за применета уметност и Педагошка академија — лековен смер во Скопје. Член е на Друштвото на ликовните уметници на Македонија од 1969 год. од кога редовно изложува на неговите изложби.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1969 — Прилеп,*
*1970 — Скопје,*
*1970 — Тјентиште.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*Изложувал на изложбите на ДЛУМ од 1969, како и на изложбите: „Млади југословенски уметници“ во Загреб 1969, „Моето сакано дело“ во Скопје 1970, „Изложба на предложени членови на ДЛУМ“ во Скопје 1971, III изложба „Народноослободителната борба во делата на ликовните уметници на Југославија“ во Белград 1971, „6 БИЕНАЛЕ на младите“ во Риека 1971, „Македонски автопортрет“ во Скопје 1971, „Современа македонска уметност — млада генерација“ во Скопје 1971, „Југословенски портрети“ во Тузла 1971, „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници“ во Скопје 1971/72, „Современа македонска уметност“ во Јаши и Пиатра Неамц во Романија 1972, „Млада генерација II“ во МСУ — Скопје 1972.*

*НАГРАДИ:*

*Награда за сликарство на државната изложба во Загреб 1969, Специјална пофалба за самостојната изложба во Тјентиште 1970 која лично ја посети претседателот ТИТО, III награда за сликарство на изложбата „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници“ во Скопје 1971/72.*

*АДРЕСА:*

*Булевар Партизански одред Б-7, вл. II, ателје 14, Скопје.*

*БИБЛИОГРАФИЈА:*

*В. Т., Самостојна изложба на Мијакоски, Вечер, Скопје, 12. 4. 1969; П. П., Прилеп: самостојна изложба на Ристо Мијакоски, Нова Македонија, Скопје, 12. 4. 1969; Прва самостојна изложба на Ристо Мијакоски, Народен глас, Прилеп, 18. 4. 1969; Ристо Мијакоски, Поезија отелотворена на платно, Б. Ристески, април 1969, Народен глас, Прилеп; Голем успех на Мијакоски во Загреб, Народен глас, Прилеп, јуни 1969; Соња Абаџиева Димитрова, предговор за каталог од самосталната изложба во Драмскиот театар, Скопје, 1970; — ,Изложба на Ристо Мијакоски во Драмски театар, Нова Македонија, Скопје, 27. 4. 1970; Соња Абаџиева Димитрова, Ангажираноста на еден млад сликар — Ристо Мијакоски, Комунист, Скопје, 1. 5. 1970; — Слободан Беличански, Под знакот на тивки умирања, — изложба на Ристо Мијакоски во Драмски театар, Студентски збор, Скопје, 25. 5. 1970; Ч. С., Групна изложба на кандидатите на ДЛУМ, Вечер, Скопје 11. 2. 1971; — „Големиот кловн“ на Ристо Мијакоски во Риека, Вечер, Скопје, 26. 6. 1971; — Владимир Гајшек, 6. Биенале младих в Модерни галерии на Реки, Вечер, Марибор, 24. 8. 1971; Д. Коцевски, Генерација без милост, Млад борец, Скопје, 15. 10. 1971; — Соња Абаџиева Димитрова, Врсниците јаваат во насока на фигуративното, Комунист, Скопје, 28. 4. 1972; — Соња Абаџиева Димитрова, Млада генерација, Нова Македонија, Скопје, мај 1972; — Богдан Мусовиќ, Уметноста на младата генерација, Млад борец Скопје, мај 1972.*



# *ИГРА ЗА ДВАЈЦА*

*Отпловивме во мемлосан предел*
*ни самјаци со нагорени чела*
*в очи замаен молец смрт ни веди*
*и лежиме в срце вангелосани*
*еден во друг*
*подолги и од сопствените одрани кожи*
*и не сетивме кога*
*влеговме двајцата во огнен круг*

*Смеата ни ја заробија во гнил кожурец*
*што да се чини што да се прави*
*еве играме дури и умирање*
*а болката не стивнува ни во осамените треви*

*Дај ми крштеница*
*Ќе ти дадам умреница*
*Кажи показалецу*
*каква ти е уцената*
*Те продавам за црвлив крст*
*Не вљубувај се во уплашената*
*Кажи леле*
*Не кажувам*
*Кажи главо роговидна*
*Која ти е мерата*
*Не признавам ни еден бог*
*Опули ме*
*Сениште ли сум или вратика за кон никаде*
*Те предупредувам*
*Не љуби ме*
*Во окото смрзнато злоба ми зоба.*
*Ништо. Се отсели родината.*
*Насмеј се улаво — родината*
*Родна ќе ни е годината*
*А не гледаш се преполови спилата*
*Ништо. Толку ни е силата.*
*Се наигравме без пијачка*
*Што се чини што да прави*
*Од осамата нема умирачка.*

*Душица* ТОДОРОВСКА



Изложбата е организирана со помош на колективот на Тутуновиот комбинат-Куманово.




Тутуновиот комбинат ви ги нуди своите најнови производи: „МТ“, „Старт“, „Дерби“, и филтер „Драва“, кои го задоволуваат вкусот на милиони пушачи.